РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Одбор за акредитација и евалуација
на високото образование
Бр. 16-275/6
17.01.2013 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 71 став 2 алинеа 4 и 104 став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09, 99/09,115/10,51/11 и 17/11), Одборот за акредитација и евалуација на 15. седница одржана на 20.12.2012 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

**за акредитација на Елаборатот за организирање на втор циклус едногодишни академски студии за студиската програма Менаџирање на стратегиски комуникации на Институтот за комуникациски студии при Високата школа за новинарство и за односи со јавноста во Скопје**

1. Се акредитира студиската програма **на втор циклус академски студии по Менаџирање на стратегиски комуникации на Институтот за комуникациски студии во Скопје,** согласно Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација која е дадена како Прилог 1 на Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11).

2. Акредитацијата од точка 1 на ова решение се дава за студиска програма за вториот циклус академски студии по Менаџирање на стратегиски комуникации, во траење од една година ( два семестри).

3. По завршените студии на вториот циклус, студентот се стекнува со 60 ЕКТС и со звање: **Магистер по менаџирање на стратегиски комуникации,** научно-истражувачко подрачје: Општествени науки, Политички науки, Научно истражувачко поле: Комуникациски мас медиуми.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

Високата школа за новинарство и за односи со јавноста во Скопје, по претходно донесента одлука на Наставно научниот совет на Високата школа за новинарство и за односи со јавноста, како и одлуката од истата установа за основање на Институтот за комуникациски студиии и организирање на студиската програма по Менаџирање на стратегиски комуникации, достави елаборат до Одборот за акредитација бр.16-275/1 од 24.08.2012 година.

Одборот за акредитација на својата 12 седница одржана на 12.09.2012 година формира експертска комисија и на 15 седница одржана на 20.12.2012 година, врз основа доставениот елаборат и извештајот на експертската комисија одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Одборот за акредитација и евалуација**
**на високото образование**
**Проф. д-р Михаил Петковски**